Јавно претпријатие за водоснабдување
Студенчица
Ndërmarrja Publike për Furnizim me Ujë
Studençica
Бр./Nr. 04-525/2
07.04 2026 год./vit.
Кичево / Kërçovë

Врз основа на член 6 ст.2 одЗаконот за вработени во јавен сектор, чл.37-ѓ од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" број 38/96, 9/97, 6/2002, 19/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19, 89/22, 274/22 208/24 и 193/25), Законот за работни односи, Законот за вработени во јавен сектор, чл.37 став 1 точка 4 од Статутот на ЈП „Студенчица "Кичево, Правилникот за систематизација на работните места во ЈП „Студенчица" Кичево бр.02-1977/1 од 17.11.2015 година, бр.02-661/1 од 18.04.2018 година, бр.02-1114/1 од 09.05.2019 година бр.02-135/1 од 27.01.2020 година, бр.02-1645/1 од 11.11.2020 година, бр.02-336/1 од 04.02.2021 година, бр.02-1023/2 од 17.06.2021 година, бр.02-1301/2 од 17.08.2022 година, бр.02-491/1 од 19.03.2025 година, бр. 02-872/1 од 16.06.2025 година, бр.02-99/1 од 22.01.2026 година и Известување за обезбедени финансиски средства во финансискиот план за тековната фискална година (2026) архивски број 19-784/2 од 23.02.2026 година на Министерство за финансии на Република Северна Македонија, Директорот на ЈП„Студенчица" Кичево, ја донесе следната

# О Д Л У К А

## за избор по интерен оглас бр.2/2026 за унапредување на на помошно техничко лице: Одговорен за работници за обезбедување и портири

По интерен оглас **бр.2/2026** за унапредување, **објавен на 25.03.2026** година, објавен на огласна табла и на ВЕБ страната на јавното претпријатие за работно место: **"Одговорен за работници за обезбедување и портири"**, со статус помошно техничко лице, со шифра КДР 04 02 А01 005, 1 (еден) извршител, од пријавените кандидати кои ги исполнуваат условите по огласот, се избира следниот кандидат :

- Влатко Трајкоски ул.Левче Стефаноски-Тарзан бр.17, Кичево

1. Директорот во рок од 8 дена од конечноста на одлуката ќе донесе решение за распоредување и ќе склучи договор за вработување.
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

ЈП за водоснабдување „Студенчица" Кичево на ден **25. 03.2026 година** објави интерен оглас објавен на огласна табла и на веб страната на јавното претпријатие за унапредување на 1 (еден) извршители **како:, Одговорен за работници за обезбедување и портири** со статус **помошно техничко лице** со шифра КДР 04 02 А01 005.

Комисијата за селекција на пријавените кандидати по предметниот оглас, формирана со Решение бр.04-464/1 од 30.03.2026 година, спроведе селекција на пристигнатите пријави по интерниот оглас, изготви записник заведен под арх.бр.04-488/1 од 02.04. 2026 година, со кој констатира дека единствениот пријавен кандидат за работното место: **"Одговорен за работници за обезбедување и портири"**, има доставено комплетна пријава со бараните докази и целосно ги исполнуваат условите на интерниот оглас. Со кандидатот кој воедно и ги исполнуваа условите на интерниот оглас, Комисијата спроведе интервју на

ден 03.04.2026 година, кое се одржа во Дирекцијата на ЈП, за кое интервју состави записник бр.04-506/1 од 03.04.2026 година, и целокупната документација со записниците ги достави на одлучување на директорот.

Предвид гореизнесеното се донесе одлука како во диспозитивот.

Правна поука: Против оваа одлука незадоволниот кандидат во рок од 8 дена од приемот може да изјави жалба до Управниот одбор на јавното претпријатие.

07.04.2026 година/Кичево

ЈП „ Студенчица“ Кичево
Директор
М-р Дејан Пандилески